ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СУ.бр.69/23-2
18.10.2023 год.
К р а т о в о

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

# 25-ти Октомври - Европски ден на правдата

25-ти Октомври 2023 година

Основен суд Кратово

К р а т о в о

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

## ЦЕЛНА ГРУПА

Граѓаните на општина Кратово

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛИ

25-ти Октомври е Европски ден на правдата кој секоја година се одбележува во сите држави во Европа па затоа и Основниот суд Кратово го одбележува овој ден на начин што судот ќе биде отворен за сите граѓани со цел да се доближи правдата до граѓаните и тие да бидат запознаени со нејзиното спроведување. На овој начин се обезбедува широк пристап до правдата за граѓаните и пошироката јавност и им се овозможува на сите одблизу да бидат запознаени со нивните човекови права. На овој ден граѓаните се запознаваат со функционирањето на системот на правосудството во поширока смисла (пристапот до правдата, медијацијата, извршувањето на судските пресуди и сл.) како и им се овозможува одблизу да бидат запознаени со нивните основни права во повеќе области ( семејно право, право на сопственост, наследување, договорно право, авторско право и сл.)

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Основен суд Кратово

## ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА

Диме Петрушевски - Судски советник во Основен суд Кратово

Електронска пошта: dimepetrushevski@oskratovo.mk

Тел. 031/481-018

## ПРЕЗЕНТЕРИ

Судија Мирослав Георгиевски, Претседател на Основен суд Кратово

Нотар Маја Колева – именувана за подрачјето на Основен суд Кратово

Адвокат Дејан Давитковски од Кратово

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

# П Р О Г Р А М А

25-ти Октомври 2023 година (среда)

| | |
|---|---|
| 09:30-10:30 ч. | Организирана посета на Основен суд Кратово од ученици од ДСУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово кои како изборен предмет во училиште го изучуваат „Вовед во правото“.<br><br>- Дочек и презентација од судија Мирослав Георгиевски, Претседател на Основен суд Кратово, за организациската поставеност, судската надлежност и начин на функционирање на Основен суд Кратово.<br>- Присуство на учениците на закажано рочиште за судење по судски предмет по кој постапката пред судот е во тек. |
| 10:00-10:30 ч. | Организирана посета на Основен суд Кратово од ученици од ООУ „Кочо Рацин“ Кратово.<br>- Дочек и презентација од судија Мирослав Георгиевски Претседател на Основен суд Кратово за организациската поставеност, судската надлежност и начин на функционирање на Основен суд Кратово.<br>- Присуство на симулација на судење во кое улогите на учесници во постапката (судија, записничар, адвокат, судии поротници, тужен, тужител) ќе ги имаат учениците од ДСУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово. |
| 10:30 - 11:00 ч. | Презентација од Нотар Маја Колева – именувана за подрачјето на Основен суд Кратово, за нотаријатот како јавна служба, постапката за именување и разрешување на нотарите, делокругот на работа и службените дејствија на нотарите.<br><br>Презентација од адвокат Дејан Давитковски од Кратово за обезбедувањето правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права, врз закон заснованите интереси во постапката пред судовите. |
| 11:00-12:00 | Завршна презентација со коктел за присутните<br>Прашања и дискусија со граѓаните на општина Кратово. |